УНИВЕРЗИТЕТ „СВЕТИ КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ
ПРАВОСЛАВЕН БОГОСЛОВСКИ ФАКУЛТЕТ
„СВЕТИ КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ – СКОПЈЕ

# БИЛТЕН

НА ПРАВОСЛАВНИОТ БОГОСЛОВСКИ ФАКУЛТЕТ „СВЕТИ КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“

СКОПЈЕ

08

2019-2021

Скопје, март 2023

Издание на Православниот богословски факултет
„Свети Климент Охридски“ – Скопје

Првиот број на *Билтенот* е објавен како прилог кон број 5 на „Весник“ – Службен лист на македонската православна црква – Охридска архиепископија

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Ѓоко Ѓорѓевски, декан

Уредници: доцент д-р Анета Јовковска и м-р Билјана Петковска

Умножено на Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски“ – Скопје

Тираж 3 примероци

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
Православен богословски факултет
„Св. Климент Охридски“-Скопје
Примено: 10.10.2019
Орг. един. | Број 144/2 | Прилог | Вредност

До Наставно-научниот совет
при Православниот богословски факултет
„Свети Климент Охридски“ во Скопје

Во врска со Конкурсот за избор на еден асистент по предметот: *Црковна уметност со архитектура*, објавен во дневниот весник „Вечер“, бр. 17063 од 28 јуни 2019 година, Наставно-научниот совет при Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски“ – Скопје на својата редовна седница, одржана на 13 јуни 2019 година (Зап. бр. 2/2019) определи Комисија за избор на еден асистент по предметот: Црковна уметност со архитектура, која го доставува следниов

# ИЗВЕШТАЈ

На објавениот Конкурс за избор на еден асистент по предметот: Црковна уметност со архитектура се пријави само еден кандидат.

1. Кандидатот, Стефан Гоговски, е роден на 28 август 1989 година во Скопје. Во 2009 година ја завршил Македонската православна богословија „Свети Климент Охридски“ во Скопје, а образованието го продолжил на Санкт-Петербургската православна академија во Санкт-Петербург во Русија. Академијата ја завршил во 2012 година со успех 9.29 и се здобил со звањето *дипломиран теолог во областа на православната теологија.*

Втор циклус последипломски студии запишал во 2013 година на Академија Алфонсијана, Врховен институт по морална теологија при Папскиот латерански универзитет, Рим, Италија. Студиите ги завршил во 2015 година со успех 9.4, со што се здобил со звањето *магистер по христијанска етика.*

2. Во прилог на неговата *Пријава* за Конкурсот, кандидатот Стефан Гоговски, приложил:

- *Биографија*;
- *Прилог за завршено образование при Санкт-Петербургската православна духовна академија* (копија, на руски јазик) издадена на 17 јуни 2012 година од страна на Ректоратот на Санкт-Петербургската православна духовна академија, како и, *Диплома за завршено образование при Санкт-Петербургската православна духовна академија* (копија, на руски јазик) издадена на 14 јуни 2014 година од страна на Ректоратот на Санкт-Петербургската православна духовна академија и, соодветно *Решение за признавање на високообразовна квалификација стекната во странство* издадена од Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија (УП1, Бр. 24-12846/1 од 06.11.2019, Скопје).

- *Диплома за завршен втор циклус последипломски студии*, издадена на 20 јуни 2015 година, од страна на *Главниот секретаријат на* Академија Алфонсијана, Врховен институт по морална теологија при Папскиот латерански универзитет, Рим, Италија. Дипломата е нострифицирана од страна на *Конгрегацијата за католичко образование* и *Државниот секретаријат за општи работи на Ватикан* на 1 декември 2015 година. *Потврда за завршени студии од втор циклус последипломски студии* издадена на 19 јуни 2019 година издадена од страна на *Главниот секретаријат на* Академија Алфонсијана, Врховен институт по морална теологија при Папскиот латерански универзитет, Рим, Италија; Кандидатот приложува и соодветно *Решение за признавање на високообразовна квалификација стекната во странство* издадена од Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија (УП1, Бр. 24-10887/1 од 24.09.2019, Скопје).

3. Кандидатот Стефан Гоговски приложи текст со наслов „Стенли Самуел Харакас: почетоците на православната биоетика“, публикуван во *Годишен зборник*, книга 23-34, Скопје 2017/2018.

4. Кандидатот Стефан Гоговски се користи со италијанскиот, англискиот, рускиот, и српскиот јазик.

Имајќи го предвид сето претходно посочено му предлагаме на Наставно-научниот совет при Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски“ во Скопје да го избере м-р Стефан Гоговски во звањето асистент по предметот *Црковна уметност со архитектура*.

Членови на комисијата:

1. Д-р Дејан БОРИСОВ,
Вонреден професор на Православниот богословски факултет

____________________

2. Д-р Ратомир ГРОЗДАНОСКИ,
Редовен професор на Православниот богословски факултет

____________________

3. Д-р Милан ЃОРЃЕВИЌ
Вонреден професор на Православниот богословски факултет

____________________

Скопје, 13 ноември 2019 година